Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-842/1
22 JUL 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител проф.д-р Ајтен Хајдари – Ќамили бр.26-801/2 од 21.07.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 21.07.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Албански јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Албански јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование со шифра VII од Друштвото за продукција, маркетинг, дизајн, промет и услуги АРБЕРИА-ДЕСИГН ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, од авторите: Зејнепе Алили Реџепи и Бертон Сулејмани.
2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.
3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 12 став (2) и член 13 став (4) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 25.03.2026 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебник во гимназиско образование бр.26-373/1 од 25.03.2026 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-373/6 од 28.05.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-83/1 од 01.06.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-373/12 од 01.06.2026 година и допис бр.32-84/1 од 01.06.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-373/13 од 01.06.2026 година шифрираните ракописи за учебник со шифра VII, шифра VIII и шифра IX, преку Педагошката служба да ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-373/14 од 01.06.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис со бр.09-1161/3 од 08.06.2026 година заверен во писарницата на Министерството бр. 26-373/15 од 08.06.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра VII, шифра VIII и шифра IX по наставниот предмет **Албански јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование**.

Во мислењето е наведено дека ракописите за учебник со шифра VII и шифра IX ги исполнуваат критериумите во однос на прилагодувањето со наставната програма поради што се дава позитивно мислење и постапката продолжува. За ракописот за учебник со шифра VIII е наведено дека истиот не ги исполнува сите критериуми во однос на прилагодувањето со наставната програма и Бирото за развоја на образованието не дава позитивно мислење, поради што согласно член 14 став (8) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) постапката се прекинува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 16.06.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-752/1 од 22.06.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Албански јазик и литература за I (прва) гимназиско образование.**

На ден 03.07.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила Стручни мислења со бр.26-752/11 и бр.752/17. Во мислењето бр. 26-752/11 кое се однесува за ракописот за учебник со шифра VII како заклучок е наведно дека приложениот ракопис за учебник сосема ги задоволува барањата за квалитет на учебник и ги исполнува условите за одобрување и употреба во воспитно-образовниот процес, истиот претставува квалитетен наставен ресурс кој е усогласен со Наставната програма и обезбедува ефикасна поддршка на процесот на учење и поучување. Во мислењето бр. 26-752/17 кое се однесува за ракописот за учебник со шифра IX е наведено дека ракописот за учебник не ги задоволува барањата пропишани со Методологијата за вреднување на учебници и не ги исполнува условите за одобрување и употреба во воспитно образовниот процес. Поради утврдените недостатоци во усогласеноста со Наставната програма, изборот и обработката на содржините, поддршката на процесот на учење, јазично-стилската обработка и дизајнот, комисијата препорачува ракописот да не биде одобрен во предложената форма.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 09.07.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-801/1 од 13.07.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-801/2 од 21.07.2026 година на Националната комисија за учебници за наставниот предмет **Албански јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование** и предложи да ги прифати извештаите од Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија, ракописите за учебник со шифри VIII и IX да не ги прифати за учебници а ракописот за учебник со шифра VII да го прифати за учебник.

Педагошката служба со допис бр.26-373/16 од 22.07.2026 година се обрати до Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-373/1 од 25.03.2026 година со напомена истиот да биде јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-96/2 од 22.07.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-373/17 од 22.07.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-82/1 од 01.06.2026 година.

По добивање на Записникот бр.32-82/1 од 01.06.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-373/18 од 22.07.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Албански јазик и литература за I (прва) година гимназиско образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесена е Одлука за учебник да биде одобрен ракописот за учебник со шифра VII.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-82/1 од 01.06.2026 година на интернет страницата може да се увиди дека на Конкурсот биле доставени четири понуди за ракописи за учебници, но по шифрирањето и проверката на пристигнатата документација констатирано е дека ракописот за учебник **со шифра X** од Друштвото за издаваштво ЛИТЕРА ГРОУП ДООЕЛ Скопје со авторите Авзи Мустафа, Феџиде Зеќири и Мерита Бањица се отфрла од причина што согласно член 13 став (1) алинеја 1 од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) како и објавениот Конкурс бр.26-373/1 од 25.03.2026 година точка 4.3 Издавачот на поднесениот ракопис за учебник нема доставено доказ за регистрирана издавачка дејност од најмалку пет години, односно во доставената документација нема документ во кој може да се утврди датумот на основање на издавачот.

Останатите ракописи за учебници продолжиле во понатамошна постапка на одобрување и констатирано е дека за ракописот за учебник **под шифра VII** се јавува се јавува Друштвото за продукција, маркетинг, дизајн, промет и услуги АРБЕРИА-ДЕСИГН ДООЕЛ експорт – импорт Тетово со авторите: Зејнепе Алили Реџепи и Бертон Сулејмани.

За ракописот за учебник **со шифра VIII** се јавува Друштвото за издавачка дејност АЛБАС ДОО увоз-извоз Тетово со авторите: Агим Лека и Аслан Хамити.

За ракописот за учебник **со шифра IX** се јавува Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје со авторот: Зихни Османи.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 21.07.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Примил: Afet Sijari 22.07.2026

Примил ас: -

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,

Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=324481, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.07.22 10:39:12 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи

Примил: Гаврило Ангеловски
- ARBERIA DESIGN
22.07.2026

Примил: Дритон Ајрулаи 24.07.26

Примила Вера Деспотовиќ